Врз основа на член 176 став (2) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/19) министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за содржината на записникот од извршената управна контрола

### Член 1
Со овој правилник се пропишува содржината на записникот од извршената управна контрола.

### Член 2
Записникот од извршената управна контрола особено содржи:

- назив и седиште на договорниот орган;
- предмет на набавка;
- број на огласот;
- основ за спроведување на управната контрола;
- вид на постапка за јавна набавка;
- тек и содржина на дејствијата преземени во управната контрола;
- информација за евентуално усогласување на мислењето на контролорот и супервизорот, во случај на различно мислење;
- преглед на документацијата што е предмет на управна контрола;
- милење за утврдени неправилности кои влијаат врз исходот од постапката или наод дека не се утврдени неправилности кои влијаат врз исходот од постапката;
- инструкции што треба да преземе договорниот орган за да ги отстрани неправилностите или да ја поништи постапката доколку во оваа фаза од постапката истото не е можно;
- датум на составување на записникот и
- потпис на контролорот и супервизорот.

### Член 3
Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 април 2019 година.

Бр. 02-3085/1
22.03.2019 година
Скопје

Министер за финансии
д-р Драган Тевдовски